**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-511
01.11. **2018 година**
**Скопје**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), а во врска со член 51 став 1 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-4685/1 од 26.10.2018 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги односно поради необезбедување на информации достапни за корисниците, од страна на Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), а казнива по член 148 став 1 точка 5 и став 2 од истиот Закон, на начин што Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје во рамките на својот радио програмски сервис, емитуван на 6 септември 2018 година, на регионално ниво, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Повредата од став 1 од оваа точка специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-4685/1 од 26.10.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), е надлежна да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со условите утврдени со Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и прописите донесени врз основа на него.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за програмски работи, на 26 октомври 2018 година, изврши редовен административен надзор на радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје, емитуван на 6 септември 2018 година, при што е констатирано прекршување на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено, со надзорот констатирано е дека наведениот радиодифузер не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, односно не им овозможи на своите корисници, лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: полното име на давателот на аудио медиумска услуга; адресата на седиштето на давателот на аудио медиумска услуга; податоци за контакт (телефонски број, адресата на електронската пошта и/или веб страница, контакт лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и за надлежното регулаторно тело.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-4685/1 од 26.10.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), а во врска со член 51 став 1 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-4685/1 од 26.10.2018 година поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Решение со кое се опоменува Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор, бр.10-4685/1 од 26.10.2018 година.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| 26.10.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4685 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 6 септември 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 26 октомври 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

    - Член 14 од Законот за медиуми (Импресум);

    - Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците);

    - Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Идентификација на радиодифузер);

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје, емитуван на 6 септември 2018 година, на регионално ниво, **констатирано е прекршување на членот 51 став 1** од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Радиодифузерот не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, односно не им овозможи на своите корисници, лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: полното име на давателот на аудио медиумската услуга; адресата на седиштето на давателот на аудио медиумската услуга; податоци за контакт (телефонски број, адресата на електронската пошта и/или веб страница, контакт лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт); и за надлежното регулаторно тело.

8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје, на 6 септември 2018 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

9. Предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*